British Embassy
Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

FORUM FOR
REASONABLE POLICIES

WFD

СУМАРНА АНАЛИЗА ЗА ВТОРОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА:

# ИНДЕКС НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# СУМАРНА АНАЛИЗА ЗА ВТОРОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА:

# ИНДЕКС НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, декември 2024

**Проект:** Практикувај демократија

**Автор:** Гордан Георгиев

**Уредници:** Сања Богатиновска Давковска, Ветон Зеколи

**Соработници:** Александар Спасеновски, Енвер Абдулаи, Јасмина Трајкоска Наумоска, Ибрахим Мехмети

**За анализата:**

Анализата е изработена од Форум за разумни политики (ФРП) во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД), за потребите на конференцијата Транспарентност на политички партии, одржана во декември 2024.

Скопје, декември 2024

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# Извршно резиме

## ППТИ 2024 - Предизвици во времето на избори и на партиски фрактури

2024 година беше полна со предизвици за политичките партии во Северна Македонија. Самите парламентарни избори беа доволно силен надворешен потрес што доведе до разни внатрешни преструктурирања на политичките партии. Вообичаено, кога има вакви потреси, првата жртва е **внатрепартиската демократија**. Лидерството, т. е. потребата од силно лидерство се зајакнува и тоа е глобален, но и македонски тренд. Во такви премрежиња, партиите инстинктивно препознаваат дека ефикасноста е поважна од внатрепартиската демократија, но често, веднаш потоа тој порив за ефикасност и авторитарни практики создава спротивен ефект, особено при изборен неуспех.

Затоа и прогресот на политичките партии, мерени преку **Индексот за транспарентност на политичките партии (ППТИ)** во 2024 година, е нелинеарен. Тоа значи дека партиите прибегнуваат кон промени во своето работење (особено во делот на внатрепартиска демократија), кои одговараат на моментот и на лидерот/лидерството, без притоа да ја видат долгорочната перспектива. Таквиот пристап им дава погрешни сигнали на членството и на пошироката јавност. Помалите и релативно новите политички партии го имаат луксузот да експериментираат со статутарни решенија и воведување нови или одземање на постојните процедури, но постарите и поетаблираните партии мора да покажат стабилност и предвидливост доколку сакаат да го задржат својот примат.

Во многу аспекти, партиите симулираат демократски практики со цел да прикажат отвореност и инклузивност, но таквата мимикрија е лесно читлива за членовите и за јавноста, и тоа долгорочно доведува до намалување на поддршката и до општа незаинтересираност за влез во политика на квалитетни кадри.

Од друга страна, процентот на **вклученоста на жените** на високи партиски позиции има тренд на пораст. Покрај зголемената процентуална застапеност, се чини дека партиите развиваат јасна свест за потребата од поголема вклученост на жените во политичките процеси, иако патот е долг до целосна рамноправност или, пак, до еднаков „пристап“ до политиката. Сепак, процентите не покажуваат сѐ. Застапеноста на жените на раководни партиски функции на локално ниво е поразителна. А токму локалното ниво е главниот филтер низ кој се селектираат партиските кадри. Културата на дискриминација по родова основа е доминантна во речиси сите партии во Северна Македонија и таа секојдневно се практикува. Некои од овие работи не може да бидат прецизно измерени со алатка каква што е ППТИ, но луѓето што активно се занимаваат со партиска политика знаат дека тоа е „јавна тајна“.

Во врска со **финансирањето на политичките партии**, ситуацијата е релативно стабилна и политичките партии генерално ги почитуваат законските одредби во оваа сфера. Тој тренд не би требало да се промени во иднина. Сепак, како организации чија главна претензија е да ја освојат

власта, често партиите се поврзуваат со бизнис-интереси, клиентелистички практики, „трговија со влијание", па дури и криминални дејанија. Накратко кажано, финансиите се важен сегмент од работењето на политичките партии. Затоа, партиите мора да бидат многу сензитивни на оваа тема и да се трудат да објавуваат финансиски практики и податоци, исполнувајќи ги барем нивните минимални законски обврски. Со тоа, тие ќе стекнат доверба кај членството, но и кај пошироката јавност, а со тоа и доверба во политичкиот процес. Партиите во Северна Македонија немаат преголем интерес за финансиска одговорност и транспарентност, и ова претставува голем предизвик за во иднина, особено затоа што во доменот на финансиите постојат многу сиви зони за кои нашето општество не разговара, а треба да разговара.

**Достапноста за јавноста** е веројатно најмалку развиениот сегмент кај политичките партии во Северна Македонија. Партиите сè уште користат застарени методи на комуникација со јавноста и уште позастарени методи на комуникација со членството. Партиите овде мора да ги прифатат дигитализацијата, иновациите поврзани со вештачката интелигенција (ВИ) и да ги ползуваат најдобрите светски искуства што овозможуваат ефикасна, целисходна и демократска комуникација на партиите со внатрешната и надворешната јавност. Полето за работа во овој сегмент е огромно, технологијата е лесно достапна и релативно евтина. Недостигаат волја, свест и внатрешни капацитети на партиите.

* * *

ППТИ е направен да биде годишен потсетник и евентуален патоказ со цел партиите да увидат во кое поле од нивната работа има простор за подобрување. Индексот го мери прогресот на партиите, но уште повеќе придонесува партиите да влезат во своевиден натпревар самите со себе. Резултатите од неколку партии што во 2024 година навистина работеа на нивното подобрување се евидентни и тие се придобивка што ќе им значи ним, но и на јавноста. Во овој Извештај за 2024 година за првпат правиме и споредбени анализи на поединечните партии, при што целта не е рангирање, туку мерење на индивидуалниот прогрес на соодветната политичка партија. Се чини дека, условно кажано, помалите партии покажуваат поголема флексибилност и приемчивост за подобрување и унапредување на нивното партиско работење, додека, пак, поголемите партии се побавни во прифаќањето на промените. Исто така, внатрепартиските потреси и кризи потемелно ги афектираат поголемите партии, со тоа назадувајќи ги внатредемократските процеси отколку помалите партии што изнаоѓаат начини побрзо да зајакнат.

# ВОВЕД

Почнувајќи од 2019 година, регионалната канцеларија на Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) за Западен Балкан работеше на развивање сеопфатен Индекс на транспарентност на политичките партии. Заедно со група регионални експерти, ВФД ја продолжи својата работа во текот на 2020 година со цел да го развие Индексот на транспарентност на политичките партии (во натамошниот текст: ППТИ). Во текот на 2021 година, ППТИ за прв пат е применет во партнерство со 23 политички партии од државите од регионот на Западен Балкан. Како резултат на применетата методологија е изработен и Годишниот извештај за состојбата на транспарентноста на политичките партии во Западен Балкан за 2021 година[1].

Последното истражување на ППТИ, чии резултати ги прикажуваме во овој Извештај, е направено во периодот од јуни до ноември 2024 година. Во ова истражување беа опфатени осум политички партии од Северна Македонија: Алтернатива, Алијанса за Албанците (крилото на Зијадин Села и крилото на Арбен Таравари), Беса, ВМРО-ДПМНЕ, Демократска унија за интеграција (ДУИ), Либерално демократска партија (ЛДП), Нова социјалдемократска партија (НСДП) и Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ). Дополнително, две нови политички партии/движења (ЗНАМ и Демократско движење) беа вклучени во истражувањето и во менторските настани организирани од ВФД, иако оваа година мерењето на овие две партии беше изоставено бидејќи индикаторите што се мерат изискуваат подолгорочен пристап.

Мотивот да се направат серија истражувања за мерење на транспарентноста на политичките партии примарно произлегува од распространетата негативна перцепција за политичките партии во регионот и во земјава. Нивото на доверба во политичките партии низ земјите од Западен Балкан постојано се намалува. Политичките партии се исто така институции со најмалку доверба од граѓаните во Република Северна Македонија, заедно со судството и обвинителството.[2] Ова е алармантен податок што континуирано се провлекува во испитувањата на јавното мислење во земјава. Имајќи предвид дека политичките партии се меѓу најважните чинители во едно демократско општество, работењето на подобрување на нивниот легитимитет, поголемата транспарентност и подоброто застапување на гласачите се чини како разумен патоказ за подобрување на нивната работа.

Во развиените демократски општества, партиите имаат тенденција да бидат поотворени за јавноста и за своите членови и поодговорни според законите што ги регулираат нивните активности. Иако не постои единствен модел во државите од Европската Унија за тоа како треба да се однесуваат политичките партии, стандардите и практиките придружени со силно законодавство ги пра-

---

[1] https://www.wfd.org/what-we-do/resources/annual-report-state-transparency-political-parties-western-balkans-2021

[2] https://idscs.org.mk/mk/2023/05/31/%d0%bf%d0%be%d0%b3%d0%bb%d0%b5%d0%b4-%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d0%be%d0%b1%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b5-%d0%bf%d0%b5%d1%80%d1%86%d0%b5%d0%bf%d1%86%d0%b8%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d0%b3%d1%80%d0%b0-2/
https://www.ndi.org/sites/default/files/Corruption%20Poll%20NDI%20MK%20December%202021%20%D0%BC%D0%BA.pptx.pdf
https://www.iri.org/resources/national-survey-of-north-macedonia-april-may-2023/

ват политичките партии потранспарентни и поодговорни.[3] Политичките партии ретко покажуваат подготвеност и поттик за реформи однатре. Но, значителниот степен на разочараност на граѓаните во однос на политичките процеси, политичката апатија и потрага по популистички решенија за напластените општествени проблеми ја нагласуваат потребата политичките партии да се отворат и да бидат потранспарентни и поодговорни.

Ова истражување на ППТИ е обид да се помогне во процесот на воспоставување подобри и поелаборирани демократски практики на политичките партии во Република Северна Македонија. Индексот е замислен како алатка што постојано еволуира и која може да им послужи на политичките партии да ги подобрат своите практики во одредени области од нивната работа, со цел подобро да се претставуваат пред граѓаните/гласачите, да воспостават поефикасни и истовремено подемократски модели во нивната работа и да истражуваат начини и методи за подобрување на нивните перформанси за време на изборите.

Овој Извештај, како и резултатите од истражувањето претставуваат еден вид „слика“ за состојбата на политичките партии во Република Северна Македонија во моментот на спроведување на истражувањето. Резултатите од истражувањето не се издлабени во камен, бидејќи и самите партии се живи организми и постојано еволуираат. Сепак, истражувањето и извештајот ќе им овозможат на информираната и на помалку информираната јавност да го видат, да го споредуваат, да го мерат и да го анализираат нивото на демократски развој во политичките партии во земјава. Тоа би можело да биде корисна алатка за споредување на политичките партии и нивните практики и да биде некаков патоказ и инспирација за членовите на партиите, нивните партиски раководства и оние што се занимаваат со прашањата за транспарентност и комуникации.

На подолг рок, ППТИ би можел да стане отворена платформа, достапна за пошироката јавност. Тоа може да биде вреден ресурс за новинарите, истражувачите и останатите заинтересирани. Ваквата „демократизација“ на информациите за политичките партии и нивните практики, заедно со компаративната регионална перспектива, може политичките партии да ги направи поодговорни пред граѓаните и пред властите, но и да поттикне регионална соработка и размена на искуства меѓу политичките партии во земјите од Западен Балкан.

3 https://www.ndi.org/sites/default/files/2337_partynorms_engpdf_07082008.pdf
https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD(2020)032-e
https://knowledgehub.transparency.org/assets/uploads/helpdesk/Political_party_accountability.pdf
https://www.idea.int/publications/catalogue/code-conduct-political-parties-campaigning-democratic-elections

# ЗА ИНДЕКСОТ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ (ППТИ)

Индексот на транспарентност на политичките партии (ППТИ) е алатка развиена од Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) во соработка со Форумот за разумни политики (ФРП) врз основа на меѓународни практики и компаративни искуства. Индексот вклучува голем број прашања и индикатори за транспарентноста на политичките партии во комуникацијата со јавноста, финансиската транспарентност и нивото на внатрепартиска демократија. Ова истражување, кое е спроведено во 2024 година, претставува одреден континуитет со три претходни истражувања на ППТИ. Првото истражување беше направено во 2019/2020 година и беше спроведено како тест-фаза на Индексот, додека, пак, второто истражување, направено во 2021 година, опфаќаше 23 политички партии од државите од Западен Балкан, од кои пет партии беа од Република Северна Македонија. Во 2023 година беше направено првото сеопфатно истражување само за Република Северна Македонија, кое опфаќаше осум политички партии и зголемен број индикатори (82), наспроти 67 индикатори за претходните две истражувања. Споредбата на овој Извештај за 2024 година со минатогодишниот и со оние претходно дава одредена слика за еволуцијата на партискиот живот во Република Северна Македонија. Дел од овие споредбени анализи се прикажани и во овој Извештај.

# ЗА ИНДИКАТОРИТЕ

ППТИ е поделен на три големи групи индикатори што сочинуваат три главни столба што ги опфаќаат повеќето прашања за транспарентност на политичките партии:

а) Внатрепартиска демократија (ВПД);

б) Финансиска одговорност и транспарентност;

в) Јавно информирање или достапност до јавноста.

ВПД ги разгледува: учеството (кој учествува во донесувањето важни одлуки, како што е изборот на лидерот на партијата, кандидатите за пратеници и локалните партиски лидери); застапеноста (степенот до кој жените, малцинствата, жителите на периферијата, младите и постарите граѓани се застапени во партиските структури и на изборните листи) и конкуренцијата (внатрешните конкурентни избори, конкуренцијата на ниво на централно и на локално ниво, редовноста на свикување на официјалните тела на политичките партии итн.).

Финансиска одговорност и транспарентност се јавно достапни информации за финансиски донации, придонеси, грантови, државни дотации итн. Тие, исто така, вклучуваат и: достапност на партискиот буџет, трошоци и приходи (органска и географска распределба), исполнување на обврските кон релевантните државни органи (Државна изборна комисија, Државен завод за ревизија), како и почитување на релевантните закони за финансирање партии и партиски кампањи.

Достапноста до јавноста вклучува: транспарентност на информациите (дали е можно да се добијат информации за партијата, како што се нејзиниот статут, информации за веб-страницата, одговор на прашањата на членовите и отвореност кон јавноста, леснотијата со која може да се добијат такви информации итн.); присуството во јавноста (социјални медиуми, други интернет-алатки, форуми за дискусија, интеракција меѓу партиите и граѓаните/гласачите преку онлајн платформи за креирање политики итн.).

Индексот на транспарентност на политичките партии содржи вкупно 82 индикатори распределени во трите столба. Во ППТИ, трите димензии на транспарентност на политичките партии немаат еднаква тежина во финалниот резултат од бодувањето. Столбот внатрепартиска демократија тежи 40 проценти, а димензиите на финансиска транспарентност и достапност до јавноста тежат по 30 проценти со цел да се достигнат 100 проценти од вкупниот резултат. Исто така, треба да се забележи дека бодувањето во ППТИ е осмислено така што е речиси невозможно една партија да достигне максимални поени во сите столбови, бидејќи некои од индикаторите се поврзани или преземени од практиките на политичките партии во најразвиените демократии во светот. Поставувањето на границата повисоко може да биде добредојден поттик за натамошно подобрување на работата на политичките партии во државата.

# КАКО Е СПРОВЕДЕНО ИСТРАЖУВАЊЕТО?

Истражувањето е спроведено во периодот од јуни до ноември 2024 година. Временскиот распон за мерење на политичките партии се однесуваше на последните пет години, со цел да опфати барем еден целосен круг на парламентарни избори и најмалку еден круг на важни внатрепартиски избори.

Поголемиот број од индикаторите беа измерени преку деск-анализа на достапните партиски документи (статут, финансиски извештаи, програма и други). Останатите индикатори беа собрани и оценети преку анализа на партиските веб-страници и достапноста на информации за работата на политичките партии. Локалните истражувачи потоа ги правеа анализите и интервјуата со партиски претставници назначени од политичките партии, но и со други релевантни чинители во партиите. Целта на интервјуата беше да се утврдат евентуални недоследности во доделувањето на поените и да се подобрат методолошките назнаки во истражувањето.

**Индикаторите (вкупно 82) ги распределивме во трите столба на транспарентност (ВПД, финансиска транспарентност, достапност до јавноста). Секој индикатор има различен број поени и градација од минимум до максимум поени. Кај некои индикатори, бројот на поени со кој се оценува одредена политичка партија варира во зависност од релевантноста на конкретниот индикатор. На пример, индикаторот за застапеноста на жените во партиските органи има поголема „тежина“ од индикаторот што утврдува дали се објавени биографиите на партиските раководства на партиските веб-страници.**

**Откако ќе се комплетира пополнувањето на индикаторите во сите столбови, се прави сумарен прелиминарен извештај и, заедно со резултатите од истражувањето, ѝ се презентира на секоја партија одделно. Со цел да се минимизира субјективноста во доделувањето на поените по индикатор, при самата презентација на резултатите на политичките партии им е овозможен двоен процес на верификација при кој партиите може да се произнесат за индикаторите.**

# ИЗВЕШТАЈ НА ППТИ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Целта на ППТИ е да може да го следи прогресот или регресот на политичките партии во одреден временски период преку периодични итерации на мерење, најчесто на годишно ниво. Овој Извештај за првпат го опишува поединечниот перформанс на политичките партии што се дел од ППТИ, правејќи споредба помеѓу мерењето во 2023 година и сегашното од 2024 година. Периодот од една година е истовремено доволен и недоволен период за да се утврди напредокот на партиите во поглед на исполнување на индикаторите од ППТИ. Како што произлегува од Извештајот, разни надворешни и внатрешни фактори влијаат врз перформансот на партиите. Во 2023/2024 година, такви фактори беа исходот од парламентарните избори и одредени преструктурирања на партиите во зависност од изборниот резултат, поделбите и фракционерството на одредени политички партии што де факто го забавуваат прогресот и/или доведуваат до раѓање нови политички субјекти, како и релативно долгиот период на транзиција од старото во новото раководство.

Од контекстот во кој изминатава година оперираа партиите зависи и можноста за веродостојно мерење на нивниот перформанс. Така, политичките партии што се дел од ППТИ може да ги поделиме во два блока:

**а)** политички партии што може да се мерат и од мерењето да се извлечат корисни податоци, и

**б)** политички партии кај кои не е можно веродостојно мерење од различни причини.

Во прегледот подолу се опишани поединечните перформанси на политичките партии и компаративната перспектива во однос на двете мерења во 2023 и 2024 година.

# АЛТЕРНАТИВА

Во 2024 година, Алтернатива постигнува видлив напредок во неколку сегменти, особено во финансиската транспарентност, каде што се забележува високо ниво на усогласеност со законските стандарди и подобрена достапност на финансиските информации. Во делот на внатрепартиската демократија, партијата покажува ангажман за зајакнување на автономијата на ограноците и подобрување на партискиот живот, но остануваат предизвиците поврзани со родовата рамноправност и развојот на хоризонталните структури. Во сегментот на достапност за јавноста, пак, перформансите се видливо подобрени, но со простор за понатамошни корекции, особено во однос на јазичните верзии, како и приспособувањата за лица со посебни потреби.

Графиконот подолу визуелно ги претставува резултатите од мерењето на Алтернатива според столбови за 2023 и 2024 година.

**Пондерирани бодови на Алтернатива по ППТИ столбови по година**




| | ППТИ столб | | |
|---|---|---|---|
| | Достапност до јавноста | Финансиска транспарентност | Внатрепартиска демократија |
| Година 2024 | 18 | 23 | 17 |
| Година 2023 | 8 | 19 | 16 |

## Внатрепартиска демократија

Партијата има современ статут што овозможува автономија на партиските ограноци и подограноци, а тоа придонесува за слободно дејствување на членовите.

Оваа година се забележува поголема вклученост на членовите во дискусиите за партиските политики на различни нивоа, што претставува позитивен чекор напред. Сепак, хоризонталните структури, особено Форумот на млади и Форумот на жени, сѐ уште се недоволно развиени. Застапеноста на жените во партиските органи останува на ниско ниво, и тоа под 30 % во сите структури, а ова укажува на потребата од понатамошни напори за постигнување родова рамноправност. Воведувањето внатрепартиски квоти за зголемување на родовата и младинската вклученост би можело значително да го подобри внатрепартискиот живот.

Исто така, иницијативите за создавање и зајакнување на Политичката академија на партијата сѐ уште се во почетната фаза и треба повеќе да бидат интегрирани во процесот на креирање на партиските политики. Зацврстувањето на иницијативите за внатрепартиски избори на различни нивоа во партијата, како и користењето онлајн алатки за дигитална демократија може да придонесе за понатамошен развој на партиските демократски практики.

## Финансиска транспарентност

Во 2024 година, Алтернатива постигнува значителен напредок во сегментот на финансиската транспарентност, покажувајќи високо ниво на усогласеност со законските обврски за финансиско известување. Партијата редовно ги објавува финансиските извештаи и го продолжува трендот на навремено доставување до релевантните институции. Конкретна придобивка е практиката на ажурирање на деталните финансиски извештаи и регистарот на донации на секои шест месеци, овозможувајќи јавноста да има јасен увид во финансиското работење на партијата.

Иако овој сегмент е добро развиен, некои податоци сѐ уште недостигаат на веб-страницата, како што се анкетните листови на повисоките партиски функционери и ревизорските извештаи од Државниот завод за ревизија. Дополнително, партијата сѐ уште не го објавува процесот за собирање членарина и не е јасно дали тие средства се значаен извор на финансирање.

## Достапност за јавноста

Перформансите на Алтернатива во сегментот на достапност за јавноста имаат видлив позитивен напредок, особено земајќи го предвид отворањето на новата веб-страница на партијата што адресира најголем дел од сугестиите на ППТИ од претходниот Извештај за 2023 година.

Веб-страницата е добро организирана и редовно е ажурирана со новости и програмски информации, како и со темелни податоци за структурата и функционирањето на партијата. На веб-страницата има и клучни информации, како што се биографии и податоци за контакт на партиските функционери, што во значителна мера ги зголемуваат транспарентноста и отвореноста.

Партијата е претставена релативно добро на социјалните медиуми. Покрај тоа, има и опција за користење други јазици на веб-страницата, но кои, сепак, не се функционални.

# БЕСА

Во однос на претходното мерење во 2023 година, во кое резултатите на Беса беа скромни, овој пат партијата покажува напредок во сите три сегмента од Индексот за транспарентност, иако просторот за понатамошен напредок сѐ уште е голем. Статутот на Беса е усвоен во 2015 година и, според формата и содржината, е сличен на партиите од десниот центар во напредните демократии. Во тек е имплементацијата на статутарните одредби, особено во однос на внатрешната комуникација во партијата, демократските внатрепартиски процедури, формирањето регионални структури за основање ограноци, како и вклучувањето на младинската организација и Форумот на жени.

Графиконот подолу визуелно ги претставува резултатите од мерењето на Беса според столбови за 2023 и 2024 година.

**Пондерирани бодови на БЕСА по ППТИ столбови по година**




| | ППТИ столб | | |
|---|---|---|---|
| | Достапност до јавноста | Финансиска транспарентност | Внатрепартиска демократија |
| Година 2024 | 16 | 17 | 21 |
| Година 2023 | 8 | 8 | 14 |

## Внатрепартиска демократија

Беса покажува одреден напредок во инклузивноста на партиските членови (особено младите) во партиските прашања. Статутот на партијата дава простор за внатрепартиска комуникација, слободно дејствување на членовите во рамките на генералната политика на партијата, како и релативно развиена вертикална партиска структура (локален совет, општински совет). Партијата има формирано свои комисии на експерти, а членовите на овие комисии, како и информации за нивната работа се достапни за јавноста на веб-страницата на партијата.

Партијата има цврста база во Младинскиот форум и подобрен родов баланс во партиските структури, но, во овој сегмент, Беса треба да покаже континуиран напредок. Застапеноста на жените во партиските структури на Беса сè уште е на незадоволително ниво (под 30 % во извршното и централното тело на партијата), а тоа коинцидира и со помалку развиената секција на жени (Форум на жени) во рамките на партијата.

За поздравување е статутарната одредба со која врвните функционери на партијата, почнувајќи од претседателот, имаат право на само еден реизбор. Од друга страна, статутот на Беса не е достапен за јавноста, ниту, пак, може да се најде на веб-страницата на партијата.

## Финансиска транспарентност

Иако Беса покажува забележителен напредок во однос на претходното мерење во 2023 година (кога беше нефункционална веб-страницата на партијата), финансиската транспарентност сè уште претставува предизвик. Во овој дел е исклучително тешко да се дадат основни информации за финансиското работење на партијата, иако финансиските извештаи редовно и навреме се доставуваат до надлежните институции и партијата досега не била санкционирана за финансиски недоследности. Од друга страна, во 2024 година, финансиските извештаи на Беса се достапни на веб-страницата на партијата, и тоа почнувајќи од 2017 година, но податоците се релативно оскудни. Во делот на прибирање финансии од членството, транспарентноста е послаба, т. е. не може да се утврди дали партијата воопшто прибира средства од членството. Државниот завод за ревизија има позитивно мислење (без забелешки) за финансиското работење на Беса.

Доколку партијата сака да покаже поголема финансиска транспарентност, би требало да објавува повеќе финансиски податоци од она што ѝ е законска обврска (детален партиски годишен буџет, внатрешна независна ревизија, јасна идентификација на донаторите итн.).

## Достапност за јавноста

Во овој сегмент, Беса покажува подобрување на перформансите, пред сè, поради редовното ажурирање на веб-страницата. Сепак, веб-страницата на Беса содржи малку информации за партиските органи, како и скромни информации за програмските цели на партијата. Постојат податоци за контакт и биографија на претседателот на партијата, но не и за другите членови на раководството. Од друга страна, информативниот модул на веб-страницата е пофункционален и подобрена е навигацијата. Партијата е релативно добро застапена на социјалните медиуми Фејсбук и Инстаграм. Веб-страницата на Беса нема опција за читање на англиски или на македонски јазик. Албанската и македонската верзија на Википедија содржат многу малку информации и дел од податоците се застарени. Во интернет-секцијата за Форумот на млади и Форумот на жени нема доволно податоци за работата на овие две партиски тела.

# ВМРО-ДПМНЕ

ВМРО-ДПМНЕ покажа скромен напредок во неколку области, особено во зголемувањето на транспарентноста и унапредувањето на комуникацијата со јавноста, додека, пак, остануваат и области каде што е потребно дополнително подобрување, како што се демократизација на внатрепартиските процедури и уште поголемо вклучување на младите и на жените во партиските структури.

Графиконот подолу визуелно ги претставува резултатите од мерењето на ВМРО-ДПМНЕ според столбови за 2023 и 2024 година.

**Пондерирани бодови на ВМРО-ДПМНЕ по ППТИ столбови по година**




| | ППТИ столб | | |
|---|---|---|---|
| | Достапност до јавноста | Финансиска транспарентност | Внатрепартиска демократија |
| Година 2024 | 19 | 17 | 18 |
| Година 2023 | 18 | 17 | 18 |

## Внатрепартиска демократија

Во 2024 година, ВМРО-ДПМНЕ покажува подобрувања во сегментот на внатрепартиска демократија, продолжувајќи со напорите за зајакнување на внатрепартискиот живот и демократизација на процедурите.

Партијата воведе неколку промени насочени кон зголемување на учеството на членовите, особено младите и жените, во донесувањето одлуки. Застапеноста на жените во партиските тела достигнува околу 35 %, а тоа покажува позитивен тренд кон родова рамноправност во однос на претходното мерење. Исто така, младинските структури се активни и имаат значајна улога во партиските активности, а со тоа се поттикнува генерациска смена и нови перспективи во политичкото дејствување.

Хоризонталните структури на партијата, како што се Унијата на млади, Унијата на жени и други специјализирани организации, играат клучна улога во ангажирањето на членството. Тие се охрабрени да придонесат за формулирањето на партиските политики и програми, а тоа овозможува поголема интеграција и вклученост во процесот на одлучување. Партијата, исто така, продолжува со активностите на Патриотскиот институт и експертските комисии, кои учествуваат во креирањето на партиските стратегии и политичките документи.

Сепак, и покрај забележителниот напредок, централизацијата на партиските одлуки останува значаен предизвик. Претседателот на партијата и Извршниот комитет имаат доминантна улога во процесите на донесување одлуки, а тоа ја ограничува автономијата на локалните ограноци и може да го намали плурализмот на ставови. Општинските комитети, пак, имаат ограничени овластувања, а тоа може да ја намали локалната иницијатива и да ја спречи поголемата партиципација на членовите на ниво на општини.

Во однос на статутарните одредби, партијата има воспоставено стриктни правила за дисциплински мерки и Кодекс за етичко однесување, кој е важен инструмент за одржувањето на дисциплината и редот во партијата.

Дополнително, унапредувањето на механизмите за вклучување на дефаворизираните групи, како што се лицата со попреченост, етничките малцинства и други социјално ранливи категории, би придонело за натамошно јакнење на демократскиот карактер на партијата.

## Финансиска транспарентност

Во 2024 година, ВМРО-ДПМНЕ продолжува да го унапредува својот систем на финансиска транспарентност, а тоа се одразува во редовното објавување на финансиските извештаи и поголемата видливост на информациите поврзани со донациите и финансирањето на партијата.

Годишните извештаи и финансиските документи од изборните кампањи се достапни на веб-страницата со детални податоци за паричните донации и за донаторите. Ова овозможува јавноста и медиумите да имаат увид во финансиското работење на партијата, што претставува значаен чекор кон поголема финансиска отчетност.

Партијата презема иницијативи за дополнително подобрување на финансиските практики, вклучувајќи го објавувањето детални финансиски информации на веб-страницата, како и ажури-

рањето на регистарот на донации на секои шест месеци. Сепак, иако овие чекори ја зголемуваат транспарентноста, има области каде што ВМРО-ДПМНЕ може да направи уште повеќе, како што е објавувањето на ревизорските извештаи од независни ревизорски тела, а тоа би обезбедило дополнителна сигурност и доверба во партиските финансии.

Исто така, процедурите за наплата на членарина и користење внатрешни средства не се целосно прегледни. Иако членарината стои како статутарна обврска, не постојат јасни информации за тоа колку средства се прибираат од оваа категорија и на кој начин се распределуваат. Доколку партијата сака да ја зголеми транспарентноста во овој сегмент, потребно е да се воведе систем за редовно објавување на информациите поврзани со наплатата на членарината и други внатрешни финансиски механизми.

## Достапност за јавноста

Во 2024 година, ВМРО-ДПМНЕ продолжува да постигнува видливи резултати во сегментот на достапност за јавноста, главно благодарејќи на активната и модерна комуникациска стратегија што вклучува диверзифицирани канали на информирање. Веб-страницата на партијата е редовно ажурирана и е богата со информации, а тоа овозможува транспарентен увид во партиските активности, програмските позиции и идеолошката платформа. Партијата е присутна на социјалните мрежи, како што се Фејсбук, Инстаграм, Тик-Ток, Икс (Твитер) и Јутјуб, преку кои активно комуницира со своето членство, поддржувачите и пошироката јавност.

Една од главните области за подобрување е воведувањето повеќејазични верзии на веб-страницата, особено на англиски и на албански јазик, а со тоа би се зголемила достапноста за пошироката јавност, вклучувајќи ги и странските партнери и малцинските заедници во земјата. Дополнително, објавувањето на биографиите и податоците за контакт на членовите на Извршниот комитет би овозможило поголема транспарентност и пристапност до високите партиски функционери.

Веб-страницата е структурирана на тој начин што овозможува лесно пребарување и навигација низ различните секции, но недостигаат специјализирани делови посветени на хоризонталните структури (како што се Унијата на млади и Унијата на жени). Овие секции би можело да содржат повеќе информации за нивните активности, проекти и придонеси во рамките на партијата, а со тоа би се зајакнале транспарентноста и видливоста на нивната работа. Со евентуално воведување алатки и функционалности што би овозможиле пристап на лицата со попреченост на веб-страницата би се постигнала поголема инклузивност.

# Демократска унија за интеграција (ДУИ)

Опстојувајќи долго време на политичката сцена, ДУИ има добро воспоставени и развиени внатрешни и надворешни процедури. ДУИ има енергичен внатрепартиски живот, со релативно активни, иако недоволно институционализирани, хоризонтални структури (млади, жени и ветерани).

Споредбено со претходното истражување во 2023 година, во 2024 година ДУИ покажува релативен прогрес во столбот внатрепартиска демократија, речиси идентични резултати во финансиската транспарентност и мал прогрес во делот на достапност за јавноста. Најхрабриот демократски исчекор на ДУИ во изминатиот период беше изборот на локалните структури на директни избори според принципот еден член - еден глас.

Простор за напредок има во секој од трите столба што се дел од ова истражување.

Графиконот подолу визуелно ги претставува резултатите од мерењето на ДУИ според столбови за 2023 и 2024 година.

**Пондерирани бодови на ДУИ по ППТИ столбови по година**




| | ППТИ столб | | |
|---|---|---|---|
| | Достапност до јавноста | Финансиска транспарентност | Внатрепартиска демократија |
| ■ Година 2024 | 14 | 10 | 22 |
| ■ Година 2023 | 13 | 11 | 20 |

## Внатрепартиска демократија

Во однос на претходните истражувања на ППТИ, ДУИ покажува подобрен резултат во столбот внатрепартиска демократија. Подобрениот перформанс на ДУИ делумно се должи на реорганизацијата на партијата и на можноста за директни избори за партиските ограноци.

Што се однесува до застапеноста на жените во структурите на партијата, таа варира помеѓу 20 % и 30 % во партиските структури, а тоа е процент што е под стандардот на партиите во развиените демократии. Дополнително, од десетмина пратеници на ДУИ во сегашниот парламентарен состав, само три се жени. Но, по воведувањето на Комисијата за еднакви можности, која го замени Форумот на жени, нагласена е потребата за наметнување теми, како што се застапеноста на младите, родовата еднаквост и географската инклузивност.

ДУИ има добар резултат во проширувањето на партиската база/членовите што имаат можност да разговараат и да гласаат за партиски прашања и програмски прашања на различни нивоа во партијата. Воведувањето внатрепартиски директни избори (според принципот еден човек - еден глас) за претседатели на партиските ограноци претставува клучен исчекор на партијата што овозможува поголема и повидлива внатрепартиска демократија. ДУИ има силна и активна младина, иако структурата на младинската организација не е соодветно институционализирана, но сепак има влијание во креирањето политики на сите нивоа. Релативно малиот број членови на претседателството остава простор за толкување дека партијата е премногу централизирана.

Партиските експертски комисии на ДУИ (кои номинално постојат) би требало да имаат повидлива улога во креирањето на генералните партиски политики, како и да претставуваат ресурсна база за креирање и промовирање идни политики, но и за регрутација на потенцијални партиски функционери. Партискиот статут е достапен на веб-страницата само на албански јазик. На македонски јазик не може да се најде статутот на ДУИ.

## Финансиска транспарентност

ДУИ има разработени процедури за финансиско работење и редовно доставува извештаи до надлежните државни органи. Партијата досега не е санкционирана за неажурно или нетранспарентно финансиско работење. На веб-страницата на ДУИ се објавени сите финансиски извештаи, како и извештаите од последните парламентарни и локални избори. Исто така, интернет-секцијата за информации од јавен карактер е прегледна и е добро развиена. Надвор од овие јавно достапни информации, веб-страницата на партијата не дава дополнителни информации што би можеле да ја подобрат транспарентноста во делот на финансирање и извори на финансирање. Деталните финансиски извештаи на партијата се однесуваат на периодот до 2022 година. Последните две години, овие податоци се недоволно разработени. Во делот на истражувачкиот/аналитичкиот центар на партијата нема никакви финансиски извештаи за активностите, ниту, пак, информации околу активностите на овој центар.

Извештаите на партијата го прикажуваат идентитетот на донаторите, како и прегледот на индивидуалните донации. Финансиските извештаи ги прикажуваат и паричните донации, како и идентитетот на донаторите.

Доколку партијата сака да покаже поголема финансиска транспарентност, би требало да објавува повеќе финансиски податоци од она што ѝ е законска обврска (детален партиски годишен буџет, внатрешна независна ревизија, јасна идентификација на донаторите итн.).

## Достапност за јавноста

Во столбот достапност за јавноста, ДУИ покажува променливи резултати. Квалитативен исчекор е партиската комуникациска стратегија и диверзификацијата на каналите за комуникација (веб-страница, Фејсбук, Инстаграм, Твитер, Јутјуб итн.). Сепак, веб-страницата на ДУИ, и покрај тоа што е добро структурирана и естетски издржана, не содржи доволно податоци за партијата. Не постојат никакви информации за партиските функционери, пратеници или градоначалници, освен за оние од кабинетот на претседателот. Исто така, не постојат директни линкови до останатите хоризонтални партиски структури (млади, комисија за еднакви можности, ветерани итн.).

Количеството податоци на веб-страницата е недоволно, а некои позиции се сосема празни и непополнети (иако постојат), па токму поради тоа, можноста за лесно навигирање останува неискористена. За поздравување е можноста да се чита на англиски и на македонски јазик, но овие линкови не функционираат (иако во претходните години имаше солиден број податоци и информации). Сумарно, во овој столб, ДУИ покажува релативно скромни резултати, иако голем дел од евентуалните корекции и дополнувања се релативно лесно изводливи.

# Либерално демократска партија (ЛДП)

И во двете истражувања на ППТИ (2023 и 2024 година), ЛДП покажува добри достигнувања во трите столба на внатрепартиска демократија, финансиска транспарентност и односи со јавноста. Обидите за изострување на идеолошката слика продолжуваат да се одвиваат и во овој период. Во 2022 година, за првпат во партијата преку високите партиски органи се избира жена за претседател на партијата. Во 2022 година се изгласува и нов статут на ЛДП. Карактеристично за ЛДП е тоа што има исклучително развиени и активни структури на млади и жени. И оваа 2024 година, партијата релативно добро ја остварува воспоставената внатрешна и надворешна комуникација со членството, иако јавноста беше сведок на одредени партиски превирања и раслојувања по изборниот пораз на парламентарните избори.

Графиконот подолу визуелно ги претставува резултатите од мерењето на ЛДП според столбови за 2023 и 2024 година.

**Пондерирани бодови на ЛДП по ППТИ столбови по година**




| | ППТИ столб | | |
|---|---|---|---|
| | Достапност до јавноста | Финансиска транспарентност | Внатрепартиска демократија |
| Година 2024 | 14 | 10 | 22 |
| Година 2023 | 11 | 10 | 24 |

## Внатрепартиска демократија

Една од силните страни на ЛДП во столбот внатрепартиска демократија е значајниот родов баланс во структурите на партијата. Независното функционирање, организирање и дејствување на организацијата за млади ЛиДем и организацијата на жени е исто така значајно за истакнување. Родово сензитивниот вокабулар во новиот статут е добро освежување што поттикнува поинаков наратив на македонската политичка сцена. Кодексот за етичко однесување на партиските членови е изработен, но не е усвоен на Централен одбор. Партиските експертски комисии што се нарекуваат совети во ЛДП се формирани и се достапни на веб-страницата. Либерално демократска партија обезбедува простор за маргинализираните заедници (лица со попреченост, ЛГБТ-заедницата). На долгорочен план, ЛДП би можело да се насочи кон организирање директни внатрепартиски избори за високи партиски позиции на локално и на централно ниво, како и избор за претседател/-ка со повеќе кандидати или кандидатки.

## Финансиска транспарентност

И во 2024 година останува практиката на споделување редовни годишни финансиски извештаи. ЛДП досега не е санкционирана за финансиски недоследности. На веб-страницата е поставен дел за транспарентност што ги содржи годишните финансиски извештаи и податоци за лицата за контакт за информации од јавен карактер. Унапредување во овој дел од 2023 година е постигнато во секцијата за поставување на анкетните листови на високите партиски функционери на веб-страницата. Во 2023 година не постојат никакви податоци за информации од јавен карактер, додека, пак, сега на веб-страницата има дел што се однесува на транспарентност, во кој се содржани детални податоци за лицата за контакт за информации од јавен карактер. Сепак, финансиските извештаи и натаму остануваат без јасно прикажување на донаторите. Така, овие податоци од Финансискиот извештај за 2023 година се содржани во генеричката ставка „Приходи од членарини, подароци и донации и приходи од други извори“.

## Достапност за јавноста

Веб-страницата на партијата има простор за значителни подобрувања во однос на дизајнот, прегледноста и достапноста на информации. Во рамките на овој столб, во 2024 година ЛДП оствари значајни индикатори што беа поставени како предизвик во 2023 година. На веб-страницата, на почетната страница постои простор каде што секој заинтересиран би можел да даде коментар или предлог за програмската платформа на ЛДП, а тоа е значаен исчекор во користењето на дигиталните алатки за демократија. Недостигот на биографии на членовите на Извршниот одбор што е нотиран во 2023 е делумно надминат, но делот на членови на централниот одбор не е ажуриран. На веб-страницата прегледно и уредно се поставени биографиите на одредени членови на Извршниот одбор и на потпретседателите. Правилата за работа на младите и на жените се поставени на веб-страницата, а организациската структура кај Форумот на жени е јасно поставена без детални информации, но сè уште недостига организациската структура за млади. На веб-страницата функционално е поставен модулот за пребарување, кој исто така недостигаше во 2023 година. Поставени се и електронски адреси како контакти за претседателката на партијата и за генералниот секретар. Сепак, веб-страницата има голема потреба од попрегледна навигација и подобрен и пофункционален дизајн. Не постои опција за читање на други јазици, т. е. на англиски и/или на албански јазик.

# Нова социјалдемократска партија (НСДП)

Во 2024 година, НСДП постигнува одредени подобрувања во соодветни индикатори што се важни за унапредување на перформансите содржани во трите столба.

Генерално, процената на индикаторите од ова истражување и соодветното бодување укажува на потребата од континуирано работење врз индикаторите и нивно подобрување во насока на одржливост и развој на внатрепартиската демократија, финансиската транспарентност и односот кон јавноста.

НСДП има добро воспоставени и развиени внатрешни и надворешни процедури и интерактивна комуникација со членството, која континуирано треба да се одржува и да се унапредува. Партијата има активни хоризонтални структури на млади и на жени со посебно усвоени статутарни документи и организациска структура.

Како релативно мала партија од социјалдемократска провениенција, НСДП прави обиди да ја изостри сопствената идеолошка слика преку понуда на автентични социјалдемократски политики и развиена програма за работа. Посебен фокус на партијата е ставен на креирањето јавни политики што се однесуваат на работничките и на социјалните права.

Графиконот подолу визуелно ги претставува резултатите од мерењето на НСДП според столбови за 2023 и 2024 година.

**Пондерирани бодови на НСДП по ППТИ столбови по година**




| | ППТИ столб | | |
|---|---|---|---|
| | Достапност до јавноста | Финансиска транспарентност | Внатрепартиска демократија |
| Година 2024 | 16 | 13 | 18 |
| Година 2023 | 13 | 13 | 17 |

## Внатрепартиска демократија

Силните страни што се карактеристични за НСДП во функционирањето на партиската организација се однесуваат на: ограничувањето на мандатот на секој претседател на два мандата, можноста за создавање неформални „фракции“ и релативно добрата застапеност на жените во партијата. Ова се значајни исчекори за воспоставување повисоки демократски стандарди во Република Северна Македонија и во регионот.

Препораките што се содржани во минатогодишниот извештај во најголема мера се прифатени и се разработени од страна на НСДП во текот на 2024 година. Кодексот за етичко однесување на избраните и именуваните лица во органите на партијата се изработува. Експертските комисии што во 2023 година не беа достапни за јавноста на веб-страницата, во 2024 година се објавени на веб-страницата, па со тоа се зголемува видливоста на областите на кои се насочени во креирањето јавни политики и вредности. Добрата процентуална застапеност на жените во партиските структури и во 2024 година продолжува да биде континуирана вредност што ја негува НСДП. Централниот одбор ја зголемува динамиката на средби што во Извештајот во 2023 година беше еднаш на три месеци (квартално), па во 2024 година средбите се одвиваат еднаш на два месеци.

Предизвик за НСДП е воспоставувањето редовна интерактивна комуникација со сите хоризонтални и вертикални структури на партијата преку користење иновативни онлајн алатки (електронско гласање, онлајн анкети) за дигитална демократија. Оваа препорака е повеќеслојна придобивка и за внатрепартиската демократија и за односите со јавноста.

## Финансиска транспарентност

Во вториот столб финансиска транспарентност, НСДП бележи добри резултати што се должат на видливото и јасно поставување на партиските финансиски извештаи на веб-страницата, кои од 2015 година се редовно објавувани. Законската обврска за објавување финансиски податоци за партијата е исполнета, а НСДП никогаш не е санкционирана за финансиски пропусти.

Во 2024 година се унапредува финансиската транспарентност со поставување анкетни листови за претседателот, сите потпретседатели, генералниот секретар и организациските секретари, како и за секретарот за меѓународна соработка што е препорака од ППТИ во 2023 година. Во однос на поголемата транспарентност за членарина, постигнувањето на оваа цел не е достигната бидејќи тешко се собираат средствата за членарина воопшто. Посебна банкарска сметка за организацијата на жени и на млади или овозможување модалитет за поголема финансиска независност сè уште е предизвик кон кој ќе биде насочена НСДП за да го постигне. Извештаите од Државниот завод за ревизија се прегледно прикачени во делот на транспарентност на веб-страницата на НСДП.

## Достапност за јавноста

И во 2023 година, овој столб покажува високи резултати, а во 2024 година дополнително е унапреден. Иако НСДП е партија со ограничени ресурси, веб-страницата е одлично дизајнирана и изобилува со информации и со прегледност. Во соработка со здружението „Инклузива“ од Куманово, на веб-страницата на НСДП е обезбеден пристап за лицата со попречености преку посебен фонт. Секцијата за транспарентност и натаму редовно и прегледно се ажурира. Веб-страница или посебна секција на англиски и на албански јазик не е направена поради ограничени ресурси. Прес-цен-

тарот на веб-страницата и оваа година го задржува високото ниво на прегледност и ажурирање со нови информации.

Според препораките од Извештајот во 2023 година, НСДП постигна поголема присутност на социјалните медиуми, и тоа не само на Фејсбук, туку и на соодветен профил на Инстаграм. Дополнително, на веб-страницата е поставен модул за пребарување што недостигаше во 2023 година, а тоа овозможува поголема прегледност и достапност на информациите. Унапредените индикатори од 2023 година се и во однос на објавувањето електронски адреси на сите членови на Извршниот одбор. Во 2023 година недостигаше објавен партиски органограм, но сега, во 2024 година, партискиот органограм е достапен на веб-страницата на партијата. Во 2024 година, веб-страницата во делот на членови на Извршниот одбор е збогатена со поединечни биографии за секој член.

# Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ)

СДСМ има добро воспоставени и развиени внатрешни и надворешни процедури, како и енергичен внатрепартиски живот со активни хоризонтални структури (млади, жени, експертски комисии). Во 2021 година, партијата донесе нов статут, кој според формата и содржината е сличен на социјалдемократските партии од државите членки на ЕУ во кои се вклучени повеќе напредни одредби за партиското дејствување. Исто така, СДСМ е првата политичка партија во Северна Македонија што воведе директни внатрепартиски избори за претседател (според принципот еден човек - еден глас).

Сепак, релативно долгиот период на транзиција од претходното кон актуелното раководство во 2024 година (без избрани партиски органи или, пак, партиски функционери во оставка), кој исто така коинцидираше со периодот на мерење на ППТИ, де факто ја уназади партијата СДСМ во делот на внатрепартиска демократија.

Простор за напредок има во секој од трите столба што се дел од ова истражување, додека, пак, новите добри практики и акти на партијата (Кодекс за етичко однесување, зголемена финансиска транспарентност, директни внатрепартиски избори итн.) треба да го поминат тестот на времето.

Графиконот подолу визуелно ги претставува резултатите од мерењето на СДСМ според столбови за 2023 и 2024 година.

**Пондерирани бодови на СДСМ по ППТИ столбови по година**




| | ППТИ столб | | |
|---|---|---|---|
| | Достапност до јавноста | Финансиска транспарентност | Внатрепартиска демократија |
| Година 2024 | 16 | 20 | 21 |
| Година 2023 | 16 | 20 | 25 |

## Внатрепартиска демократија

Во однос на претходното истражување на ППТИ во 2023 година, во 2024 година СДСМ покажува релативен пад во столбот внатрепартиска демократија. Ова се должи, пред сè, на транзицискиот период на новото раководство, повеќемесечниот период на неизбрани партиски органи, намалената фреквенција на партиски средби, изборите на ново раководство во младинската организација СДММ, како и на релативната рестриктивна природа на новиот статут во однос на автономијата на општинските организации.

Во ноември 2024 година се одржа долгоочекуваниот конгрес на СДСМ на кој беа избрани извршните и централните тела на партијата, а, исто така, распишан е и Отворен повик за самокандидирање на претседатели на општински организации и за претседател на Град Скопје. Во наредниот период се очекува СДСМ да ги стабилизира сопствените хоризонтални и вертикални структури.

Внатрепартиските директни избори, сега веќе во трета итерација, укажуваат на воспоставена позитивна практика на внатрепартиската демократија. Иако изборите беа делумно оспорувани од некои од кандидатите, тие сепак се одржаа и даваат впечаток на внатрепартиска демократија.

Од друга страна, статутот на СДСМ е релативно рестриктивен во смисла на овозможување поширока автономија на вертикалните структури на партијата (пред сè, на општинските организации), бидејќи претседателот на партијата има право да именува и да разрешува претседатели на општинските организации.

Што се однесува до застапеноста на жените во структурите на партијата, таа е традиционално висока, со над 45 % во партиските структури. Што се однесува, пак, до пратеничката група на СДСМ, сегашниот парламентарен состав покажува пад во однос на застапеноста на пратенички (од 15 пратеници, само 5 се жени).

Во 2021 година, СДСМ има донесено Кодекс за етичко однесување. Тој е позитивен пример во партиското организирање и ретко присутен документ во други партии во државата и во регионот. Кодексот би требало да заживее и во иднина да претставува клучен партиски документ за (само) регулирање на односите во партијата.

Експертските комисии на партијата се добро развиени и имаат активна улога во креирањето на партиските политики.

Аналитичкиот центар на СДСМ е во функција и се очекува да придонесува за подобро креирање на партиските политики.

## Финансиска транспарентност

Во делот на финансиската транспарентност и достапност за јавноста, резултатите од мерењето во 2024 година остануваат речиси идентични како и во 2023 година. СДСМ има разработени процедури за финансиско работење и редовно доставува извештаи до надлежните државни органи. На веб-страницата на СДСМ се објавени сите финансиски извештаи, како и извештаите од последните парламентарни и локални избори. Исто така, интернет-секцијата за информации од јавен карактер е прегледна и добро развиена. Собирањето членарина, иако стои како статутарна обврска, не е објавено доволно прегледно.

Пожелно е на својата веб-страница, партијата да ги објавува и анкетните листови на највисоките партиски функционери, особено бидејќи има ново раководство и членови на раководството што досега не биле на извршни функции. Партијата ги нема објавено финансиските извештаи пред 2021 година на веб-страницата.

## Достапност за јавноста

Во столбот достапност за јавноста, СДСМ покажува добри резултати идентично како и во мерењето спроведено во 2023 година. Ова се должи, пред сè, на сеопфатната партиска комуникациска стратегија, диверзификацијата на канали за комуникација (Фејсбук, Инстаграм, Твитер, Јутјуб итн.), како и официјалната веб-страница богата со информации и новости.

За поздравување е тоа што веб-страницата на СДСМ изобилува со програмски и идеолошки позиции на партијата, и актуелни и од времето на претходните раководства.

Поголемиот и повидлив пристап до високите функционери на партијата (електронска адреса, телефон итн.) би можело дополнително да ја подобри комуникацијата со членството и со медиумите.

Секцијата за информации од јавен карактер е исто така добро издвоена, прегледна и со голем број информации и пристап до информации од јавен карактер.

На веб-страницата постои верзија на албански јазик и тоа е голем и квалитативен исчекор, додека, пак, нема достапни информации на англиски јазик.

Објавување на членовите на експертските комисии, како и нивни биографии дополнително би придонело за поголема видливост на партиските активности.

И покрај начелните залагања на партијата, на веб-страницата на СДСМ сè уште не постои можност за пристап на лица со попреченост.

# Сумарен перформанс на „мерливите“ политички партии

Иако целта на ППТИ е да го следи поединечниот пердорманс на политичките партии во одреден временски период, преку периодични итерации на мерење, најчесто на годишно ниво, сепак, податоците за политички партии кои може да се мерат ни дава можност да го оцениме и нивниот колективен перформанс.

Графиконот подолу визуелно го претставува просек од резултатите од мерењето на т.н. мерливи политички партии по столбови за 2023 и 2024 година. Она што може да се забележи е дека, сумарно гледано, политичките партии генерално достигнуваат до половина од вкупниот број на бодови на ниво на столб. Тоа значи дека на партиите им престои голема можност и простор да продолжат да се унапредуваат за да стасаат до одредено солидно напредно ниво на перформанс по секој од столбовите. Видливо е дека сумарно, политичките партии постигнале најголем напредок во однос на достапноста до јавноста, а најмал, скоро незабележителен, по однос на внатрепартиска демократија.

**Просек од пондерирани бодови по ППТИ столбови по година за 7 политички партии**




| | ППТИ столб | | |
|---|---|---|---|
| | Достапност до јавноста | Финансиска транспарентност | Внатрепартиска демократија |
| Година 2024 | 16,14 | 15,71 | 19,86 |
| Година 2023 | 12,43 | 14 | 19,14 |

Графиконот подолу визуелно го претставува целокупниот просек од резултатите од мерењето на т.н. мерливи политички партии за 2023 и 2024 година. Како и на ниво на столб, така и генерално, оваа година, споредено со претходната, забележливо е скромно напредување на сумарниот перформанс на политичките партии. Исто како и на ниво на столб, така и на ниво на целокупниот индекс, политичките партии генерално достигнуваат до половина од вкупниот број на бодови.

**ППТИ просек од пондерирани бодови по година за 7 политички партии**




| | Година | |
|---|---|---|
| | 2023 | 2024 |
| ■ ППТИ просек | 45,57 | 52,14 |

# АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ (АА)

## Методолошки ограничувања

Од објективни причини, традиционалното мерење во рамките на ППТИ за Алијанса за Албанците (АА) е изоставено во овој Извештај. Како што е познато, Алијанса за Албанците помина низ турбулентен период во 2024 година (поделба на две крила, едното на Зијадин Села и другото на Арбен Таравари) и во очекување на разврската од судскиот процес, повеќето индикатори што ги содржи ППТИ не беа соодветни за веродостојно мерење. Сепак, во овој Извештај нотираме одредени аспекти што се важни за транспарентноста на политичката партија. Со цел да се испочитува настанатата околност, ППТИ ќе ги презентира состојбите во двете крила на АА, но притоа мора да се нагласи дека поради претензиите на двете крила да се повикуваат на истиот статут и истото минато до пред неколку месеци, дистинкцијата на нивните активности и дејства е крајно отежната од формален аспект.

ППТИ ги третира двете крила на оваа партија како два субјекта на истиот политички ентитет, сѐ до правното разрешување на нивните меѓусебни односи. Следствено на ова, оцените презентирани во овој Извештај ги земаат предвид формалните и практичните состојби настанати по поделбата на Алијанса за Албанците, и тоа со најдобра намера - процесот на демократизација и во двете крила да продолжи да биде поддржан независно од настанатата внатрешна поделба.

## Внатрепартиска демократија

Алијанса за Албанците има современ партиски статут. Според формата и содржината, тој е сличен на статутите на партиите од десниот центар во европските демократии и нуди можност за поширока внатрешна демократија. Но, сепак, спроведувањето на статутарните одредби, кое е особено поврзано со внатрешната комуникација во партијата, како и внатрепартиските демократски процедури, останува да го поминат тестот на времето. Епилогот на тековната внатрешна поделба секако ќе биде еден вид научена лекција во однос на градењето на внатрепартиската демократија.

Во овој дел, АА и натаму останува една од ретките партии што во својот статут го легитимира постоењето на фракциите. Последните настани што резултираа со внатрешна поделба секако ја предизвикуваат оваа статутарна точка, но, сепак, постоењето на една ваква можност отвора пат за развој на внатрепартиската демократија на долг рок. Нивото на толеранција во однос на партиските колеги од другото крило кон кои ретко се изразува негативен став, но и кога се прави тоа е забележлива доза внимание, е добра илустрација за политичката култура што е изградена во оваа партија.

Вреди да се спомене дека статутот на партијата (донесен во декември 2022 година, кој сѐ уште е прифатен од двете крила) овозможува широк дијапазон на внатрепартиска комуникација, слободно дејствување на членовите во рамките на генералната политика на партијата, како и развиени вертикални партиски структури (огранок, подогранок, Совет на скопски ограноци, совети на избирачки места итн.). Но, истовремено, мора да се нагласи дека како резултат на поделбата, сите овие релации внатре во партијата поминуваат низ процес на реорганизација.

Како и да е, со оглед на новонастанатите околности, односно поделбата на партијата што е во процес на судска разрешница, а уште повеќе со оглед на фактот што и двете крила претставени од Зијадин Села, односно од Арбен Таравари се раководат според истиот статут, истите канали на јавна комуникација, т. е. истата веб-страница, но и една банковна сметка, оценувањето според индикаторите на Индексот на транспарентност на политичките партии (ППТИ) е прилично комплексно.

Дополнителен елемент што ја отежнува оваа состојба е и фактот што во текот на спроведувањето на овој проект за зајакнување на транспарентноста и внатрепартиската демократија, веб-страницата на партијата беше затворена, со што презентацијата на индикаторите поврзани со партиското функционирање што се рефлектирани на веб-страницата станува невалидна. Со тоа се оневозможува верификација на податоците на јавно достапните информации поврзани со партиските активности и внатрепартиската демократија, финансиското работење, како и достапноста на информациите за пошироката јавност.

## а) Алијанса за Албанците (крилото на Зијадин Села)

Врз основа на податоците собрани пред овие најнови случувања, може да се заклучи дека крилото на Зијадин Села го задржа моделот на внатрешно функционирање на партијата, па дури и се обидува да направи позитивни исчекори во контекст на параметрите од Индексот за транспарентност. Зголемената активност се должи првенствено на фактот што во текот на оваа година имаше претседателски и парламентарни избори, но сепак, обемот на овие промени е мал. Како и да е, од вкупно 57 поени во 2023 година, кога партијата беше единствена, анализата на крилото на Села покажува дека сега таа има 64 поени (од вкупно 139 или, во просек, 46,06 %) или во вкупниот индекс за компонентата внатрепартиска демократија изнесува 46 поени.

## б) Алијанса за Албанците (крилото на Арбен Таравари)

Врз основа на податоците собрани пред овие најнови случувања, може да се заклучи дека, слично како крилото на Зијадин Села, и крилото на Арбен Таравари го задржа моделот на внатрешно функционирање на партијата, па дури и се обидува да направи позитивни исчекори во контекст на параметрите од Индексот за транспарентност. Учеството во Владата секако дека влијаеше врз зголемената активност на нивните најистакнати кадри. Слично како и кај крилото на Зијадин Села, од вкупно 57 поени во 2023 година, кога партијата беше единствена, крилото на Таравари регистрираше 66 поени (од вкупно 139 или, во просек, 47,48 %) или во вкупниот индекс за компонентата внатрепартиска демократија изнесува 47 поени (еден поен повеќе од крилото на Села како резултат на поголемата активност на експертските тимови, веројатно поради ангажманот во Владата).

Конкретни забелешки во делот на внатрепартиска демократија за двете крила на АА:

- Иако партискиот статус на нејзините членови останува да биде расчистен по завршувањето на судскиот процес, автономијата на локалните партиски тела е зачувана и се работи на консолидирање на партиската база.

- Можноста на локалните ограноци да влијаат врз политиките на централното раководство се чини дека е на солидно ниво, а ова посебно важи за Форумите на млади, кои се свесни за потребата од колку што е можно поголема автономија и поголем родов баланс.

- Секциите на жени (Асамблеја на жени) во рамките на двете крила се релативно неактивни, но се забележува извесно зголемување на динамиката на одредени членови од оваа секција што може да донесат позитивни промени. Родовиот баланс исто така останува отворено прашање и тој е на незадоволително ниво.

- Застапеноста на жените во партиските структури на АА, како и во парламентот е на незадоволително ниво (од 4 пратеници на крилото на Села, само една е жена, а од 5 пратеници на крилото на Таравари, само една е жена).

- Академијата на АА составена од експерти, интелектуалци и академици останува високо во приоритетите и кај двете крила, но судбината на ова тело останува неизвесно сѐ до завршувањето на судскиот процес.

- Учеството во Владата на крилото на Таравари отвори простор за поголемо ангажирање на младите членови на партијата и останува да се види како ова ќе се развива во иднина.

## Финансиска транспарентност

Што се однесува до столбот финансиска транспарентност, може да се смета дека крилото на Арбен Таравари, кое ја поседува партиската банковна сметка, има поголема одговорност за финансиското работење, но, сепак, финансиското работење и на двете крила може да се оценува главно за периодот додека партијата беше неподелена, бидејќи кратко потоа, веб-страницата беше затворена, па со самото тоа, следењето на јавно достапните информации стана невозможно. Како и да е, може да се смета дека практиките што биле применувани во АА важат и за двете крила поради тоа што пред поделбата, персоналот на двете крила се раководел од исти принципи. Единствената разлика е во точката што се однесува на Финансискиот извештај за минатите претседателски и парламентарни избори, на кои крилото на Села веќе немаше своја сметка, додека, пак, останатите точки што го покриваат и заедничкиот период може да се сметаат како споделени. Ова се потврдува и од одвоените разговори со двете крила на АА, кои покажуваат речиси идентични резултати.

Сумарно, и двете крила имаат релативно високо ниво на разбирање за важноста на транспарентноста на финансиското функционирање на партијата и тие практики ќе продолжат да се надградуваат по решавањето на спорот околу легитимитетот на партијата. Така, крилото на Таравари бележи 38 од вкупно 79 поени, во просек, 48,10 % или 48 индексни поени тежина на овој критериум во однос на целиот индекс. Додека, пак, крилото на Зијадин Села бележи 36 од вкупно 79 поени, во просек, 45,57 % или 46 индексни поени тежина на овој критериум во однос на целиот индекс.

Додека се подготвува овој Извештај, веб-страницата на АА е затворена, но сепак може да се каже дека финансиското работење на АА е добро структурирано и изобилува со податоци, извештаи и други документи што се од интерес за јавноста.

## Достапност за јавноста

По поделбата на АА на две крила, веб-страницата му беше на располагање на крилото на Села, но додека траеше ова истражување, веб-страницата беше затворена поради неплатени сметки на провајдерот. Како и да е, во моментот на мониторинг на оваа веб-страница, односно пред нејзиното затворање, утврдени беа сериозни недостатоци како последица на надворешни фактори (компјутерски вирус или можеби надворешна малигна интервенција).

Во столбот односи со јавноста/достапност за јавноста, АА покажува компаративно скромни резултати. Ова се должи, пред сè, на неажурираната веб-страница, која и покрај претходните забелешки од страна на истражувачите, сè уште нема напредок. Ова се огледува и во оценувањето што во овој циклус е дури и пониско од претходното, иако е под знак прашалник и самата оцена со оглед на тоа што страницата е надвор од функција.

Додека беше функционална, освен на албански, таа имаше материјали и на македонски и на англиски јазик, иако овие делови беа недоволно пополнети, а често беа и нефункционални. Оттука, и бодувањето во овој столб мора да се земе условно, особено затоа што страницата е затворена. Од вкупно можни 99 поени, достапноста за јавноста е оценета со 21 поен (во просек, 21,21 %), односно 21 поен за вкупниот индекс на тежина за овој критериум.

Важно е да се напомене дека и двете крила главно комуницираат преку социјалните медиуми, но и тој дел не е соодветно организиран.

Бидејќи се очекува и двете крила на партијата во догледно време да отворат свои веб-страници, индикаторите што се дел од овој инструмент за оценување со цел унапредување на транспарентноста на политичките партии може да послужат како одличен водич за креирање транспарентна и лесно разбирлива веб-страница.

# ЗНАМ и Демократско движење

Дополнително, две политички партии иницијално беа предвидени за вклучување во Индексот за транспарентност на политичките партии (ППТИ) за 2024 година. Тоа се Движењето ЗНАМ - За наша Македонија (претседател Максим Димитриевски) и Демократско движење (претседател Изет Меџити). Правејќи првичен преглед на состојбите и на моменталната организациска поставеност на овие две партии, тимот истражувачи одлучи овие партии да бидат изоставени во овогодишното мерење на ППТИ.

Имено, и двете партии се основани во октомври 2023 година и затоа само една година постоење на политичката сцена се покажа како недоволен период за ефективно мерење на нивната транспарентност и внатрепартиско дејствување. И двете партии сѐ уште ги развиваат сопствените хоризонтални и вертикални структури и сѐ уште не се комплетирани секциите на жени и на млади, а има и недоволна покриеност со општински организации и разработени внатрешни процедури. Финансиската транспарентност, пак, е алатка што има потреба од поголема регуларност во мерењето (повеќе години постоење на политичката партија, повеќе изборни циклуси итн.), па од тој аспект, нецелисходно ќе беше да бидат мерени овие две партии. Во доменот на достапност за јавноста, и двете партии покажуваат сигнали дека достапноста начелно им е важна. И двете партии имаат добро поставени веб-страници, иако сѐ уште се оскудни со информации, па времето ќе покаже во која мера ќе сакаат и ќе имаат капацитет да ги надградуваат овие темели.

Сепак, и на ЗНАМ и на Демократско движење им беше понудено да се запознаат со ППТИ, да ги проучат индикаторите и евентуално да ги искористат како еден вид прирачник или патоказ за создавање транспарентна и отчетна политичка партија. И двете партии беа дел од менторскиот процес што го поминаа и другите партии во 2024 година.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Во развиените демократии, партиите се стремат кон поголема отвореност кон јавноста и кон своите членови, но и кон поголемо почитување на законите што ги регулираат нивните активности. Иако не постои унифициран модел во Европската Унија за тоа на кој начин треба да се однесуваат политичките партии, стандардите и практиките придружени со цврсто законодавство, политичките партии ги прават потранспарентни и поодговорни. Од друга страна, политичките партии ретко покажуваат подготвеност и поттик за реформи однатре. Но, значителното ниво на разочараност и цинизам на граѓаните во однос на политичките процеси ја нагласува потребата политичките партии да се отворат и да бидат потранспарентни и поодговорни кон своите членови, но и кон пошироката јавност.

Во Република Северна Македонија, удобноста во дејствувањето на политичките партии се соочува со двоен предизвик - надворешен и внатрешен. Надворешниот предизвик лежи во амбицијата на државата и декларативните заложби на сите политички партии дека Република Северна Македонија треба да биде дел од ЕУ, со што се обврзуваат да почитуваат одредени демократски стандарди, од кои транспарентноста и отчетноста се најважни за политичките партии. Внатрешниот предизвик е поврзан со широко распространетата разочараност на граѓаните од начинот на функционирање на политичките партии, што, пак, резултира со цинизам, воздржаност од гласање и антисистемско однесување (протести, поддршка за радикалните партии, граѓански немири итн.). Поради овие предизвици, политичките партии на некој начин се обврзани да се променат. И тие се менуваат, иако тоа е со неизедначено темпо. Некои од овие промени може да изгледаат како чисто „нашминкани“, но некои партии прават значителни промени со цел да го зајакнат својот легитимитет. Ова е процес што треба да продолжи и постојано да се надградува до степен на воспоставување на оние стандарди и практики што ги одразуваат демократските норми, кои се неопходни за едно развиено демократско општество.

Во текот на 2024 година, ВФД организираше три интензивни менторски настани што произлегуваа од индикаторите на ППТИ, како и од потребите на политичките партии за подобрување на нивните практики во областа на внатрепартиската демократија, поголема застапеност на жените во политиката и употреба на дигитални алатки и технологија на вештачка интелигенција (ВИ) во секојдневното работење на партиите. На овие менторски настани присуствуваа претставници од сите политички партии што беа вклучени во истражувањето и имаа можност да ги унапредат своите знаења и практики, но и соодветно да ги имплементираат во партиите. Резултатот од овие менторски настани е видлив во сегашното истражување, па подобрувањето во некои индикатори сведочи за тоа дека поголемиот број од партиите ја сфатиле сериозно оваа задача. ВФД и во иднина ќе овозможува вакви или слични активности со цел подобрување на работата на политичките партии во Северна Македонија.

Поаѓајќи од горенаведените согледувања поткрепени со податоците извлечени од ППТИ, може да извлечеме повеќе препораки:

- Аспектите на внатрепартиска демократија се чини дека се од витално значење за успехот на партиите, имајќи предвид дека врските меѓу партиските функционери, партиските членови, гласачите и граѓаните првенствено произлегуваат од овие практики. Повеќе и подобро развиените хоризонтални структури, унапредената вертикална комуникација во партиите, подобрените внатрепартиски процедури за избор на највисоките партиски функционери и широката консултација со членството генерално овозможуваат партијата да биде динамична и да дискутира за предизвиците што претстојат, способна да преживее во тешки времиња и, конечно, да избере подобро и поотчетно лидерство.

- Застапеноста на жените во партиските структури и во 2024 година останува загрижувачки тренд, иако има одредени подобрувања кај некои партии. Ова особено е релевантно на ниво на локалните структури на партиите. Партиите покажуваат мал сензибилитет при изборот на општински раководства, а тоа понатаму најчесто се пресликува во изборот на кандидати за градоначалници. Воведувањето партиски квоти за жени и млади, но, пред сè, зголемената свесност за овој проблем може донекаде да ја ублажи состојбата на овој план. Загрижувачкиот тренд на незастапеност на жените на највисоките позиции на локално ниво ги лишува партиите од огромен потенцијал и капацитет за подобрување на партиската работа, па и поголем изборен успех. Овој дисбаланс донекаде се компензира со воспоставените квоти на изборните листи, но тој е недоволен, бидејќи во голема мера не се отсликува во структурите на партиите, а партиите често и го изигруваат овој принцип.

- Политичките партии мора да ја подигнат ниската свест за интегрирање на лицата со попреченост во партиските структури и/или на изборните листи.

- Бранот на демократизација на политичките партии (директни избори за претседател на партијата, високи стандарди на автономија на партиските структури, отчетност кон членовите и кон јавноста итн.) станува европски стандард, па, според тоа, политичките партии треба полека и внимателно да размислуваат за ова прашање, имајќи ги предвид потенцијалните замки, но и потенцијалните огромни придобивки препознаени од гласачите. Некои првични напори на ова поле од страна на одредени политички партии претставуваат поучен пример што може да се следи.

- Подоброто идеолошко профилирање, кое има јасно наведени и применувани идеолошки начела, е прашање на избор за секоја партија. Сепак, поцврстите идеолошки позиции често значат подобрување на партискиот активизам и зголемен животен век на партијата, дури и по цена тоа да значи губење определен број (неопределени) гласачи за сметка на зацврстувањето на партиската база.

- Финансиската транспарентност и постојаното подобрување во оваа област значи подобри внатрешни финансиски практики на политичките партии, поголема контрола оддолу нагоре на партиското раководство (членови на партијата, централен комитет итн.) и, конечно, подобар јавен имиџ на партиите. Долгорочно, овие практики на транспарентност секогаш се исплатуваат, додека, пак, поголемата јавна контрола во врска со финансиите на партиите на крајот може да значи зголемена доверба од јавноста и подобри изборни резултати за самите партии.

- Потребни се дополнителни обуки за финансиска транспарентност на партиите и како таа на најцелисходен начин да се прикаже на јавноста. Финансиските извештаи на политичките партии се премногу поедноставени и сиромашни со податоци, задоволувајќи го само потребниот законски минимум. Партиите не наоѓаат начин или потреба да одат отаде основните барања, а во делот на напредна транспарентност може да бидат многу подобри доколку се обврзат пред јавноста.

- Мали дополнувања и ажурирања може значително да ја подобрат сликата за финансиската транспарентност на политичките партии. Објавувањето на анкетните листови на највисоките функционери (иако ги има во ДКСК), објавувањето на органограмот на партијата, поголемата прегледност на членарини, разглобувањето на ставките за дневници, плати за вработени, како и деталниот и јасен приказ на донациите и долговите на партијата се само дел од препораките за поголема транспарентност.

- Овозможувањето практики и развивањето модели за поголема финансиска независност на хоризонталните партиски структури (пред сѐ, за организациите на жени и на млади) претставуваат дополнителен поттик и исчекор напред во поглед на општата транспарентност на партиите.

- Во врска со односите со јавноста, новите и иновативни начини за пристап до поширокиот спектар на потенцијални гласачи, заедно со стандардните конзервативни пристапи (кампањи од врата на врата, „Go Out to Vote“ (GOTV), „town-hall“ средби итн.), значат постојано унапредување на перцепцијата за политичките партии и поатрактивни понуди за гласачите.

- Информирајќи ја и обраќајќи ѝ се на јавноста, партиите имаат широк спектар на активности што може значително да ја подобрат сликата за нив. Беспрекорно функционалните и дневно/неделно ажурираните веб-страници се првиот неопходен чекор.

- Партиите може да имаат голема корист доколку воведат внатрешни канали на дигитална комуникација: онлајн анкети, електронско гласање, дневна комуникација со членството и со органоците за прашања од интерес на членството, консултација со гласачите и партиските членови итн.

- Партиите во Република Северна Македонија би требало многу повеќе да користат дигитални алатки за комуникација со надворешната јавност. Дигиталната демократија (e-democracy) овозможува многу поразвиен партиски живот и им дава поголем легитимитет на партиските лидерства преку користење електронско гласање, внатрепартиски референдум за одредени програмски прашања, ад хок консултации со членството итн.

# Библиографски единици и извори за ППТИ

Alt, J. and Lassen, D. (2006a). 'Fiscal transparency, political parties, and debt in OECD countries'. *European Economic Review,* 50, 1403-1439.

Alt, J. Lassen, D. (2006b). 'Transparency, Political Polarization, and Political Budget Cycles in OECD Countries'. *American Journal of Political Science,* 50 (3), 530-550.

Azari, Julia (2016). 'Weak parties and strong partisanship are a bad combination'. VOX.com, 3 November. Available at https://bit.ly/3yyJr5A.

Bauhr, M. and Grimes M. (2012). 'What is government transparency?'. *Quality of Government Institute Working Paper,* 2012(6).

Bec, M. (2001). 'Corruption, connections and transparency: Does a better screen imply a better scene?'. *Public Choice,* 107, 87-96.

Bellver, A. and Kaufmann, D. (2005). 'Transparenting Transparency: Initial Empirics and Policy Applications'. Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=808664.

Bogdanor, V. (1994). 'The Selection of the Party Leader', in Seldon, Anthony and Ball, Stuart (eds.), *Conservative Century: The Conservative Party Since 1900*. Oxford, Oxford University Press, 69-96.

Cheeseman, Nic, Luna, Juan Pablo, Kitschelt, Herbert et al. (2014). *Politics Meets Policies: The Emergence of Programmatic Political Parties*. Stockholm, International Institute for Democracy and Electoral Assistance.

Courtney, J.C. (1995). *Do Conventions Matter? Choosing National Party Leaders in Canada*. Montreal, McGill-Queen's University Press.

Cross, W. and Katz, R.S. (eds.) (2013). *The Challenges of Intra-Party Democracy*. Oxford, Oxford University Press.

Czudnowski, M.M. (1975). 'Political Recruitment', in Greenstein, F.I. and Polsby, N.W. (eds.),*Handbook of Political Science*, Vol. 2, Reading, MA, Addison-Wesley.

Dahl R., (1971). *Poliarchy, Participation and Opposition*. New Haven, Yale University Press.

Dalton, R.J. and Wattenberg, M.P. (eds) (2000). *Parties Without Partisans. Political Change in Advanced Industrial Democracies*. Oxford, Oxford University Press.

Denham, A. and O'Hara, K. (2008). *Democratising Conservative Leadership Selection: From Grey Suits to Grass Roots*. Manchester, Manchester University Press.

Gallagher, M. and Marsh, M., (eds), (1988). *Candidate Selection in Comparative Perspective: The Secret Garden of Politics.* London, Sage.

Hassell, Hans (2017). 'Principled Moderation: Understanding Parties' Support of Moderate Candidates'. *Legislative Studies Quarterly*, 43(2), 343-396.

Ignazi, P. (1996). 'The Crises of Parties and the Rise of New Political Parties'. *Party Politics*, 2(4), 549-566.

Islam, R. (2006). 'Does More Transparency Go Along with Better Governance?'. *Economics and Politics*, 18(2), 121-167.

Johnston, M. (2005). *Political Parties and Democracy in Theoretical and Practical Perspectives, Political Finance Policy, Parties and Democratic Development.* Washington, National Democratic Institute for International Affairs.

Karasimeonov, Georgy, Georgiev, Gordan *et al.* (2007). *Reshaping the Broken Image of Political Parties, Internal Party Democracy in South Eastern Europe.* Sofia, GorexPress.

Katz, R.S. (2001). 'The Problem of Candidate Selection and Models of Party Democracy'. *Party Politics,* 7(3), 277-296.

Katz, R.S. and Mair, P. (1993). 'The Evolution of Party Organizations in Europe: Three faces of party organization'. *American Review of Politics*, XIV, 593-617.

Katz, R.S. and Mair, P. (1994). *How Parties Organize*. London, Sage.

La Raja, Raymond and Schaffner, Brian F. (2020). *Campaign Finance and Political Polarization When Purists Prevail.* Ann Arbor, University of Michigan Press.

Lijphart, A. (1999). *Patterns of Democracy: Government Forms and Performance in Thirty-six Countries*. New Haven, CT, Yale University Press.

Loncar, Jelena (2015). (2015). *How to Make Intraparty Democracy Possible? Institutional Factors and Internal Dynamics of Intra-Party Relations in Serbia*. Faculty of Political Sciences, University of Belgrade Centre for Monitoring and Research, CeMI Podgorica.

Neumann, S. (1956). 'Towards a Comparative Study of Political Parties', in Neumann, S. (ed.), *Modern Political Parties*. Chicago, Chicago University Press.

Norris, P. (1997). *Passages to Power: Legislative Recruitment in Advanced Democracies*. Cambridge, Cambridge University Press.

Pettitt, R.T. (2012). 'Exploring Variations in Intra-Party Democracy: A comparative Study of the British Labour Party and the Danish Centre-Left'. *British Journal of Politics & International Relations,*14(4).

Power, Greg and Coleman, Oliver (2011). *The Challenges of Political Programming: International Assistance to Parties and Parliaments,* Stockholm, International Institute for Democracy and Electoral Assistance.

Scarrow, S. (1999). 'Parties and the Expansion of Direct Democracy. Who Benefits?'. *Party Politics*, 5, 341-362.

Scarrow, S., Webb, P. and Farrell, D. (2000). 'From Social Integration to Electoral Contestation: The Changing Distribution of Power within Political Parties', in Dalton, Russell J. and Wattenberg, Martin P. (eds.), *Parties without Partisans: Political Change in Advanced Industrial Democracies*. Oxford, Oxford University Press, 129-151.

Scarrow, S. (2005). *Political Parties and Democracy in Theoretical and Practical Perspectives*. Washington, National Democratic Institute.

Scarrow, S. and Gezgor, B. (2010). 'Declining Membership, Changing members? European Political Party Members in a New Era'. *Party Politics*, 16(6), 823-843.

Stojarová, Věra, Šedo, Jakub, Kopeček, Lubomír and Chytilek, Roman (2007). *Political Parties in Central and Eastern Europe: In Search of Consolidation*. Stockholm, International Institute for Democracy and Electoral Assistance.

Utych, Stephen M. (2020). 'Man Bites Blue Dog: Are Moderates Really More Electable than Ideologues?'. *The Journal of Politics*, 82(1).

Van Biezen, I. (2004). *How Political Parties Shape Democracy: Perspectives from Democratic Theory*. Birmingham, University of Birmingham.